АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 14.07.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 2778/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ, Скопје
3. **Период опфатен со надзорот:** 2025 година
4. **Датум на извршување на надзорот:** 14 јули 2026 година
5. **Предмет на надзорот:**

– **Член 26 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

*(За спроведување на мерките нивните услуги да бидат попристапни за лицата со попреченост, односно за исполнување на годишниот акциски план за пристапност, давателите на медиумски услуги поднесуваат годишен извештај до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната календарска година)*

– **Член 10 од Правилникот за пристапност до медиумските услуги** Бр.01-2750/1 од 13.06.2024 година

(*Обврска за доставување годишен извештај имаат телевизиите на национално ниво и давателите на медиумски услуги видео по барање, другите даватели на медиумски услуги доставуваат информација дали претходната година емитувале пристапни програми*)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот програмски надзор реализиран врз програмскиот сервис на Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ-Скопје, **констатирано е прекршување на член 26 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(Давателите на медиумски услуги поднесуваат годишен извештај до Агенцијата за*

*аудио и аудиовизуелни медиумски услуги најдоцна до 31 март во тековната година, за претходната календарска година)*.

Во законски утврдениот рок, до 31 март 2026 година, Трговското радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ–Скопје, не достави годишен извештај за спроведување на годишниот акциски план за пристапност за 2025 година.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 26 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ - Скопје не достави годишен извештај за спроведување на годишниот акциски план за пристапност за 2025 година, во законски утврдениот рок, до 31 март 2026 година.

**9. Предлог-мерка:**

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ - Скопје, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за пристапност до медиумските услуги; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***